Лена АЛАБАШОВСКА ДАМОВСКА

УДК: 159.922.736.3
373.2(083.74)

# РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ И ЗНАЧЕЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0-6 ГОДИНИ

**Кратка содржина**

*Првите шест години од животот се критични во понатамошниот развој на детето. Првите искуства кои детето ги стекнува во средината се основа за понатамошниот развој и успех во училиштето и во животот.Раните искуства влијаат врз развојот на мозокот, воспоставувањето на нервните конекции кои понатаму овозможуваат развој на јазичните и когнитивните способности, решавањето проблеми, развој на социјалните вештини, однесувањето и емоционалното здравје на детето. Семејството и општеството имаат критична улога во подготвувањето на детето за поагање на училиште. Заостанувањето во правилниот развој на детето може да биде предизвикано од недостаток на соодветна исхрана, како и несоодветна социјална, јазична и когнитивна стимулација во раниот детски развој. Движењето за воведување на стандарди сега се повеке го опфака и периодот на раниот и предучилишниот период. (образование базирано на стандарди). Предучилишното воспитание и образование станува дел на образованието базирано на стандарди кое ги дава посакуваните резултати, стекнатите компетенции или образовните очекувања за децата од 0-6 години. Стандардите за рано учење и развој укажуваат што децата знаат и можат да направат на одредена возраст. Тие се сет од изјави кои даваат информација за детските постигнувања. Овие стандарди може да се користат за најразлични цели кои се однесуваат на раниот детски развој.*

***Клучни зборови***: *РАНО УЧЕЊЕ, ДЕТСКИ РАЗВОЈ, СТАНДАРДИ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ, ПРЕДУЧИЛИШНО ДЕТЕ.*

## Што претставува раниот детски развој?

Развојот и учењето во првите години од животот се од исклучителна важност за детето и неговото семејство. Како ке напредува детето и каква ке биде неговата развојна компетенција зависи од взаемното делување на повеќе фактори, пред се стимулативната средина во семејството, здравјето на детето и позитивната социо-емоционална стимулација во средината во

која тоа претстојува(семејството, градинката, центар за ран детски развој и др.).

Раниот детски развој го опфаќа периодот од раѓање до 6 годишна возраст. Но, според некои автори и согласно NAEYC (National Association for the education of Young children), Националната асоцијација за воспитание и образование на малите деца, се промовира *соодветната развојна практика* за децата од раѓање до 8 годишна возраст, што практично го продолжува периодот на раното детство, вклучувајќи ја грижата, воспитанието и образованието и нивното комплемнтарно делување. Раниот детски развој е процес низ кој поминуваат сите деца, од едноставни до покомплексни физички, моторни, социјални и емоционални модели на однесување.

Новиот концепт за ран детски развој го промовира *холистичкиот пристап* во поттикнување на раното учење и развој кај малите деца.

Развојот генерално се подразбира како процес на промена во која детето ги зголемува и ги зајакнува вештините во движење, размислување, чувствување, зборување. Негата и грижата пак се активности кои ги преземаат возрасните со цел да креираат услови во кои детето учи и ги усовршува своите моторни, јазични, когнитивни и социо-емоционални вештини.

**Што вели науката?**

Малите деца имаат инстиктивна желба да учат. Нивната желба за учење и развој може да се подржи или да се ускрати со соодветна стимулација. Соодветната стимулација во раното детство може да промовира:

- интелектуален развој;
- социјални вештини;
- физички развој;
- развој на јазикот и комуникациски вештини;
- креира услови за подготвеност за училиште;
- гради основа за развивање на академска и социјална компетенција кај возрасните;(7, 12)

Сите овие елементи се клучни детерминанти во процесот на учење и постигнување на успех во образовниот процес.

Малите деца во првите години од животот имаат потреба од близок контакт со возрасна особа, квалитетна интеракција, соодветна јазична

стимулација, потреба да истражуваат во безбедна околина. Исто така нив им е потребна, стабилна и лесно предвидливи постапки на возрасните, конзистентност во однесувањето на возрасните, личност во која имаат доверба, постојано поттикнување и подршка.

Холистичкиот пристап содржи одредени елементи на квалитет во раниот детски развој кои главно се однесуваат на заштитата на здравјето на детето, обезбедувањето на безбедна и сигурна околина за учење и развој и зајакнување на развојната подготвеност и подготвеноста за на училиште.

**Раниот детски развој -инвестиција во иднината**

Раниот детски развој не треба да се сфати како трка, тоа е единствено патување за секое дете посебно. Токму затоа инвестирањето во раниот детски развој е прагматична опција, имајќи ги во предвид ефектите од таа интервенција и покрај тоа што тие не се брзо видливи. Вложувањето во Раниот детски развој има најголем социо-економски бенефит. Таквото вложување продуцира ефективност во·

- социјалната адаптација на децата;
- дава основа за понатамошно учење и развој;
- гарантира помали шанси за напуштање на понатамошното школување;
- ги нивелира разликите помегу децата;

Креирањето на развојни стратегии и политики за ран детски развој, денес во светот претставува политички инструмент, поле на интервенција и креирање на програми кои ги содржат пред се следните компоненти: правата на децата, едукацијата на родителите, професионалната обука на сите оние кои се грижат за децата, зајакнувањето на капацитетите на градинките и секторите кои се грижат за децата, како и креирање на амбиент во кои се поттикнува раниот детски развој. Тоа би подразбирало конзистентни пораки за семејсвата и заедницата, зајакнување на практиките кои се користат во семејството и заедницата, како и интерсекторска координација на системот кои обезбедува услуги од доменот на раниот детски развој. Овој интегриран пристап креира заедничка визија за планирање на сите нивоа и она што е многу важно единствен систем за мониторинг и евалуација на зеднички посакувани резултати.

## Раниот детски развој во Р. Македонија

Севкупниот амбиент за промоција на раниот детски развој во Р Македонија се базира на меѓународната рамка која е содржана во Конвенцијата за заштита на правата на децата, како и постоечката национална законска и политичка рамка.

Националното законодавство (Закон за детска заштита) во РМ го дефинира раниот детски развој како предучилишно воспитание и образование кое опфака покрај мерки за згрижување на децата, мерки и активности за промоција на здравјето и унапредување на интеклектуален, емоционален, физички и социјален развој. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст се спроведува во детски градинки...

Во Националната програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 се истакнува дека: Раниот детски развој ке претставува еден од приоритетите на Владата на РМ, а помошта од граганскиот сектор во реализација на оваа цел ке биде драгоцена.

Мерењето на квалитетот на предучилишното воспитание и образование во РМ е дирекно условено од развивање на стандарди за рано учење и развој кај децата, како и нивна доследна имплементација.

## Што се стандарди за рано учење и развој?

Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата коишто треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (физичко здравје и моторен развој, социо-емоционален развој, когнитивен развој...). Стандардите пред се укажуваат на тоа што децата знаат и можат да направат на точно одредена возраст.

Тоа се термини кои се користат како основа за компарација во мерењата на квалитетот, врдностите или квантитетот. Зошто се стандардите важни? Тие овозможуваат прецизност, помагаат да го разјасниме она што сакаме да го постигнеме, овозможуваат постигнување на консензус, поставуваат основа за мерење, продуцираат еднакви резултати и конечно може да ја унапредат развојната подготвенот кај децата. Стандардите можат да се користат во сите околности каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат децата од 0-6 години (во семејството, во детските градинки, во детските центри, како и во неформаните облици на згрижување и воспитување на децата).

Тие служат како основа која го поврзува она што се мисли со она што е навистина соодветно за развојот на малите деца.

**Стандарди за рано учење и развој во РМ**

Во РМ, процесот на изготвување на Стандардите за рано учење и развој започна во 2006 година на иницијатива на Унициеф-канцеларијата-Скопје во рамките на соработката со МТСП. Примарната цел на оваа иницијатива беше да се развие сет на национално прифатливи стандарди за рано учење и развој кои фокусираат на позитивни изклезни резултати во холистички развој на децата од 0-6 години.

Процесот се одвиваше во неколку фази и тоа:

- носење на иницијална одлука за развој на Стандарди за рано учење и развој;
- Развивање на работна верзија на Стандардите
- Мегународна експертиза на работната верзија
- Валидација на стандардите за рано учење и развој
- Изготвување на пост валидациона финална верзија на Стандардите.

Притоа очекувани вредности коишто децата треба да ги поседуваат при достигнување на Стандардите за рано учење и развој во РМ се: независност, креативност,иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифакање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, како и почит кон заедницата и државата во целост.

При изготвувањето на Стандардите внимание се посвети на следните домени(сфатени како вештини, концепти и однесувања кои децата ги учат и обично се поделени во неколку категории):

- Физичко здравје и моторен развој
- Социоемоционален развој
- Развој на пристап кон учење
- Развој на јазикот, описменување и комуникација
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења

Комплементарната поврзаност и мегусебната условеност на сите домени го наложува холистичкиот пристап како единствен пристап во

развојот на стандардите за рано учење и развој во РМ. Амбиентот во кои децата учат треба да го подржи холистичкиот развој или *компетентно дете*-интелектуално, физички, емоционално и социјално.

Стандардите се однесуваат на возрасниот интервал од 0-6 години (0-72 месеци) поделено во возрасни групи. Поделбата на возрасни групи е детерминирана од постојната законска регулатива врз основа на која се организира работата на детските градинки и поделбата на децата во групи.

**Значењето на стандардите за рано учење и развој**

Стандардите за рано учење и развој се пишувани со очекување дека поголемиот дел од децата ќе совладаат поголем дел од вештините и однесувањата во соодветната развојна група, при крајот на достигнатата возрасна зрелост. *Детето не треба да се форсира пред тоа да биде подготвено за тоа, но несмее и да се спречува ако е подготвено да оди напред.*

Стандардите не се изготвени за следење на прогресот со кои детето се развива и тие не смеат да се користат како инструмент за оценување. Целта на Стандардите за рано учење И развој е да ги информира возрасните за вештините И однесувањата кои се типични за овој период од животот на децата, а не да оценува како тие се изведуваат.

Стандардите се однесуваат на сите деца во РМ без исклучок. Децата со посебни посеби може да ги достигнат стандардите но на различен начин од останатата популација.

Стандардите за рано учење и развој треба значително да го унапредат квалитетот на едукацијата која децата ја добиваат во рамките на Програмите за ран детски развој и учење во градинката, подеднакво како и за оние деца кои од најразлични причини не посетуваат гардинка, односно нивна примена во семејни услови.

Документот на стандардите е развоен документ кои ќе подлежи на ревизија и постојано усовршување.

(Рецензент: *проф. д-р Снежана Адамческа*)

## ЛИТЕРАТУРА

World Bank: From Early Child Development to Human Development, Washington DC, 2002;

Ramey. CT and S.L.Ramey, 1998, Prevention of Intellectual Disabilities: Early Intervention to Improve Cognitive Development, Preventive Medicine 27: 224-32

Sharon,L.Kagan, Pia Rebello Britto (2005): Going gloval with Early Learning and Development standards, Columbia University;

National Association for the Education of Young Children (NAEYC) Position Statement: Developmentally appropriate practice in early childhood programs serving children from birth through 8 (1996) (1997 revised edition), S.Bredecamp and C.Coople, Washington DC

- Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија, 2005-2015, Министерство за образование и наука на РМ;
- Нацрт-програма за развој на предучилишното воспитание и образование, Скопје(јуни, 2005);
- Нацрт-програма за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието;
- Основи на Програмата за воспитно-образовна работа во јавните детски установи и детски градинки, Министерство за образование и наука на РМ, Скопје;
- Програма за воспитно-образовна работа во подготвително одделение, Министерство за образование и наука на РМ, Скопје 2005;
- Закон за детска заштита (дСл. Весник на РМг98/2000, 63/2004, 65/2004)

Биро за развој на образованието (2007): Концепција за деветгодиШно основно воспитание и образование (стр. 14), 2007, Скопје;

Shonkoff, J.P.,&Philips, D.A. (Eds.) (2000), *From neurons to neighborhoods: The science of early childhood development.* Washington DC: National Academy Press;

Washington State Early Learning and Development Benchmarks: A guide to Young Children's Learning and Development: From birth to kindergarten entry, The State of Washington, 2005;

http://web.worldbank org/Early Child Development-Why invest in ECD;

Unicef LIFESTART, 2001, UNICEF, Early Childhood Resource Pack, Young child Survival, Growth&Development, 2004

Kendel. JS (2003) Setting standards in early childhood education, The first year of school, 64-68;

Sharon Lynn Kagan ED. Pia Rebelo Kristie Kauerz, Kate Tarrant, 2005 Washington State Early learning and development benchmarks, National Center for Children and Families, Teachers College, Columbia University, pg. 149;

Department for Education and Employment (2000): Curriculum guidance for the foundation stage, 2000. London;

Burns, M.S. Griffin P& Snow (Eds) (1999): Starting out right: A guide to promoting children's reading success, Washington DC National academy Press;

Korelak, D (Ed) (2003) Spotlight on young children and language, Washington DC: National Association for the Education of Young Children;

Shore, R.Bodrova, E. &Leong, D. (2004) Child outcome standards in pre-k programs: What are standards; Why is needed to make them work? *Preschool policy matters, 5.1-10. Retrieved august 2.2004 from http://nnieer.org/resources/policybrief, 5pdf;*

Kagan, S.L. & Scott-Little, C. (2004) Early learning standards: Changing the parlance of early childhood education? Phi delta Kappan 85 (5) 388-396;

Bowman, B.T. Donovan, M.S. (2001) Eager to learn: Education our preschoolers, Washington DC, National Academy Press;

Lena ALABAŠOVSKA DAMOVSKA

## Abstract

*Early Child Development and the Importance of Early Learning and Development Standards for children from 0-6*

*The first six years of life are critical to a child's lifelong development. Young children's earliest experiences and environments set the stage for future development and success in school and life. Early experiences actually influence brain developmet, establishing the neural connections that provide the foundation for language, reasoning, problem solving, social skills, behaviour and emotional health. Families and communities play critical roles in halping children get ready for school. Children's development suffers when their early learning and care experiences lack nurturing and not provide appropriate social, language and cognitive stimulation. Standard movement is now being extended to early and preschool education(standard based education or standard based approach). Early childhood education has become part of standard based environment describing desired results, outcomes or learning expectation for children below age of 6.*

*Early learning and development standars reflect what children know and are able to do. They are a set of statements that inform various audiences about children's behavioral accomplishments. Early learning and development standars can be used in variety of ways.*

***Key words:*** *EARLY LEARNING, CHILD DEVELOPMENT, ELDSTANDARDS, PRESCHOOL CHILDREN.*